**20181983604**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 октомври 2018 година.

Бр. 08-6106/1
24 октомври 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), во членот 16 став (4) по зборовите: „за потребите на нивните вработени“ се додаваат зборовите: „и со можност за згрижување и воспитание на деца на кои родителите не се вработени во правното лице”.

Член 2

Во членот 20 став (6) по зборовите: „на приватните установи за деца“ се додаваат зборовите: „и на детските градинки/центри за ран детски развој основани како организациони единици од член 16 ставови (4), (5) и (6) од овој закон.“.

Член 3

По членот 33 се додава нов член 33-а, кој гласи:

„Член 33-а

За дете со пречки во развојот и со специфични потреби од членот 33 од овој закон, се остварува право на здравствено осигурување, согласно со прописите од областа на здравственото осигурување.“.

Член 4

Во членот 35 став (1) износот „4.202” се заменува со износот „5.021”.

Во ставот (2) износот од „6.303“ се заменува со  износот „7. 531“.

Во ставот (3)  износот од „5.252,50“ се заменува со износот „6.276“.

Член 5

Во членот 60 став (2) зборовите: „детската градинка од ставот (1) на овој член“ се заменуваат со зборовите: „јавната детска градинка“.

Член 6

Во член 100 ставот (1) се менува и гласи:

„Установа за деца може да се основа и да започне со работа, ако:

- е утврден потребниот број на деца, согласно со пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста,
- се обезбедени соодветни просторни услови, опрема и дидактички средства, согласно со пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста,
- се донесени програми за вршење на дејноста,
- е утврден потребниот број на соодветни стручни и други работници, согласно со пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста и
- се обезбедени потребни финансиски средства.“.

Член 7

Во член 102-а, ставот (2) се менува и гласи:

„За организационата единица од членот 16 ставови (4), (5) и (6) од овој закон соодветно се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на почнувањето со работа на установа за деца, на кадарот во приватните установи за деца, надзорот над работата на установите за деца, инспекцискиот надзор, начинот на финансирање на приватните установи за деца, на евиденцијата и документацијата во областа на згрижувањето и воспитанието на деца, програмите за вршење на дејноста, како и на одземање на решение за вршење на дејноста.”.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Во случај на промена на основачот/седиштето/просторните услови на установата за деца, организационата единица во состав на правното лице, детска градинка/центар за ран детски развој во состав на високообразовна установа, по поднесено барање од основачот, а по мислење на комисијата од членот 102 став (2) од овој закон, министерот донесува решение за промена на основачот/седиштето/просторните услови.”.

Член 8

Во членот 111 алинејата 2 се менува и гласи:

„- се утврди дека приватната установа повеќе не исполнува некои од условите од членот 100 став (1) алинеи 2, 3 и 5 од овој закон, ако ги нема обезбедено потребните стручни и други работници, ако нема доволен број на деца за функционално работење или не ги спроведува одредбите од овој закон и подзаконските акти што произлегуваат од него.“.

Член 9

Во членот 113 зборот „шест“ се заменува со зборот „два“.

Член 10

Членот 113-а се менува и гласи:

„(1) Решението од член 78 став (3), член 88 став (2), член 102 став (1) и член 102-а ставови (1), (3) и (4) од овој закон, се донесува во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето со потребната документација.

(2) Формата и содржината на образецот на барањата од член 78 став (1), член 88 став (1), член 102 став (1) и член 102-а ставови (1), (3) и (4), ги пропишува министерот.“.

Член 11

Во членот 135 став (1) по зборовите: „други стручни работи за заштита на деца“ се додаваат зборовите: „вршат работи од јавен интерес согласно со овој закон и имаат статус на вработени во јавниот сектор-даватели на јавни услуги“.

Член 12

Во членот 136 став (2) алинеја 1 зборовите: „музички педагог, дипломиран ликовен педагог, дипломиран педагог по физичко воспитание,“ се заменуваат со зборовите: „завршен факултет за музичка уметност, факултет за физичко образование, спорт и здравје, факултет за ликовни уметности,“.

Во ставот (3) точка 1) по зборовите: „дипломиран педагог за предучилишно воспитание“ се става запирка и се додаваат зборовите: „дипломиран педагог“.

Во точката 2) зборовите: „од ставот (4) точка 2“ се заменуваат со зборовите: „од ставот (3) точка 1)“.

Член 13

Во членот 143 став (6) зборовите: „ставот (4)“ се заменува со зборовите: „ставот (3).

Во ставот (7) зборовите: „од ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „од ставот (3)“.

Во ставот (11) зборовите: „ставот (1)” се заменува со зборовите: „ставот (3)”.

Во ставот (13) зборовите: „ставовите (3) и (4)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (11)“.

Член 14

Во членот 167 став (1) точка 2) по зборовите: „дипломиран педагог за предучилишно воспитание“ се става запирка и се додаваат зборовите: „дипломиран педагог“.

Во точката 3) зборовите: „воспитувач од ставот (3) на овој член“ се заменуваат со зборовите: „од точката 2) на овој став.“

Член 15

Во членот 177 став (1) по зборовите: „директори на установи за деца;“ се додаваат зборовите: „лице кое раководи со детска градинка/центар за ран детски развој, како организациона единица основана од страна и во состав на правни лица, високообразовна установа и на приватно училиште;“, а по зборовите: „во установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст“ се додаваат зборовите: „и во детска градинка/центар за ран детски развој, како организациона единица основана од страна и во состав на правни лица, високообразовна установа и на приватно училиште“.

Член 16

Во членот 177-г став (5) по зборовите: „од кои прашања“ зборот „на“ се заменува со сврзникот „и“.

Член 17

Во членот 177-е став (9) зборовите: „Овластените претставници“ се заменуваат со зборовите: „Членовите на комисијата“.

Член 18

Во членот 177-з став (1) по зборовите: „а потоа“ се додаваат зборовите: „по успешното полагање на првиот дел, кандидатот истиот ден го полага вториот дел од испитот (студија на случај) доколку кандидатот се изјасни дека и двата дела од испитот ќе ги полага во ист ден“, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Во ставот (2) по зборовите: „на првиот дел“ се додаваат зборовите: „доколку кандидатот не се изјасни дека испитот ќе го полага во ист ден“.

Во ставот (7) зборот „три“ се заменува со зборот „два“.

Ставот (8) се менува и гласи:

„Вториот дел од испитот се полага во рок од најмалку пет дена по успешното полагање на првиот дел доколку кандидатот не се изјасни дека испитот ќе го полага во ист ден согласно со ставот (1) на овој член.“.

Ставот (9) се брише.

Член 19

Во членот 177-и став (8) по зборот „првиот“ се додаваат зборовите: „и вториот дел“.

Ставот (10) се менува и гласи:

„Ако кандидатот полага само еден дел од испитот вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата изнесува 60 минути.“.

Член 20

Во членот 177-ј став (1) зборовите: „од членот 178 ставови (2) точки 1), 2), 3) и 4), (3) и (4) од овој закон“ се заменуваат со зборовите: „од членот 178 став (1) од овој закон”.

Во ставот (5) по зборовите: „практичниот пример“ се додаваат зборовите: „и документите на кандидатите поднесени со барањето за стекнување на лиценца“.

Во ставот (6 ) по зборот „испити“ се додаваат зборовите: „чии членови не се од редот на членовите на Комисијата за лиценцирање“.

Во ставот (7) зборовите: „секоја одржана испитна сесија“ се бришат, а по зборовите: „се состанува по“ се додаваат зборовите: „потреба најмалку еднаш во годината“.

Член 21

Во членот 180 по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- при вршење на надзор се констатира дека не биле исполнети условите за стекнување на лиценца согласно со закон,“.

Член 22

По членот 181 се додава нов член 181-а, кој гласи:

„Член 181-а

(1) Лицето од членот 177 став (1) од овој закон кое е шест месеци пред пензионирање нема да полага стручен испит заради проверка на потребното стручно знаење за вршење на работи од областа на згрижувањето и воспитанието на децата, односно од областа на заштитата на децата, односно на истото ќе му се продолжи лиценцата за работа за наредните шест месеци до пензионирање.

(2) Лицето кое ќе поднесе писмена изјава за продолжување на договорот за вработување согласно со членот 104 од Законот за работните односи, а кое продолжување на договорот е за временски период подолг од шест месеци може да му се продолжи (обнови) лиценцата за работа ако ги исполни законските услови од членот 179 од Законот за заштита на децата.“.

Член 23

Во член 191 по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) Цените на услугите во детска градинка/центар за ран детски развој, како организациона единица основана од страна и во состав на правни лица, високообразовна установа и на приватно училиште ги определува основачот.“.

Член 24

Во член 195-а по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Администрирањето на базата на податоци од ставовите (2) и (3) на овој член го врши Министерството за труд и социјална политика.“.

Ставот (5) станува став (6).

Член 25

Во членот 207 став (1) зборовите: „став (1) алинеја 10“ се заменуваат со зборовите: „став (1) алинеја 9“.

Член 26

Во член 226 ставот (2) се брише.

Ставовите (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (2), (3), (4) и (5).

Член 27

Во член 230-а алинејата 1 се менува и гласи:

„- член на комисијата од членот 177-ѓ став (4) од овој закон, доколку за време на полагањето на испитот се задржува подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот“.

Член 28

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 29

Зголемените износи од членот 4 од овој закон, ќе им се утврдат на примателите на посебен додаток сметано од првиот ден на наредниот месец од влегувањето во сила на овој закон.

Постапките за основање и почнување со работа на установи за деца започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 30

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на децата.

Член 31

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.